**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# УРЕДБА
# ЗА
# СМЕТКОВНИОТ ПЛАН ЗА
# ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Скопје, мај 2002**

Врз основа на член 538 став 7 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 50/01 и 6/02), Владата на Република Македонија донесе

# УРЕДБА
# ЗА СМЕТКОВНИОТ ПЛАН
# ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

## Член 1

(1) Со оваа уредба се пропишува сметковниот план за субјектите, кои согласно член 7 од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02), вршат работи на осигурување (во натамошниот текст: друштва за осигурување) и кои водат двојно книговодство согласно Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/96, 7/97, 21/98, 37/98, 63/98, 39/99, 81/99, 37/00, 31/01, 50/01 и 6/02).

(2) Сметковниот план од став 1 на овој член е составен дел на оваа уредба.

## Член 2

Состојбата и движењата на средствата, изворите на средства, приходите и расходите, утврдувањето и распоредувањето на резултатот од работењето, се евидентираат на синтетички (трицифрени) сметки во сметковниот план.

## Член 3

Друштвата за осигурување ќе го усогласат водењето на деловните книги со оваа уредба најдоцна до 01 јуни 2002 година.

## Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за сметковниот план за осигурителните и реосигурителните друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/95 и 46/99).

**Член 5**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. ____________
__________ 2002 год.
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија
**Љубчо Георгиевски**

# **С М Е Т К О В Е Н П Л А Н**
# **ЗА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

## КЛАСА 0: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА И ЗАГУБА

### 00 - НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА

000 - Издатоци за истражување и развој
001 - Оснивачки вложувања
002 - Goodwil (Гудвил)
003 - Патенти, лиценци и концесии
004 - Други права
005 - Нематеријални вложувања во подготовка
006 - Аванси за нематеријални вложувања
007 - Други нематеријални вложувања
008 - Ревалоризација на нематеријалните вложувања во текот на пресметковниот период
009 - Исправка на вредноста на нематеријалните вложувања

### 01 - ПРИРОДНИ БОГАТСТВА

010 - Земјиште
015 - Вложувања во природни богатства во подготовка
016 - Аванси за природни богатства
018 - Ревалоризација на природните богатства во текот на пресметковниот период

### 02 - СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

020 - Градежни објекти
021 - Опрема
024 - Други средства за работа
025 - Средства за работа во подготовка
026 - Аванси за средства за работа
028 - Ревалоризација на средствата за работа во текот на годината
029 - Исправка на вредноста на средствата за работа

### 03 - ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ

030 - Запишани а неуплатени акции
031 - Запишани а неуплатени удели

## 04 - ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

- 040 - Вложувања во поврзани субјекти
- 041 - Вложени средства во банки
- 042 - Други здружени и вложени средства
- 043 - Дадени депозити и кауции
- 044 - Вложувања во хартии од вредност
- 045 - Кредити дадени во земјата
- 046 - Кредити дадени во странство
- 047 - Сопствено учество
- 048 - Други долгорочни деловни вложувања
- 049 - Исправка на вредноста на долгорочните финансиски вложувања

## 05 - ЗАГУБА

- 050 - Загуба од поранешни години по основ на осигурување на живот
- 051 - Загуба од поранешни години по основ на неживотно осигурување
- 052 - Загуба во тековната година по основ на осигурување на живот
- 053 - Загуба во тековната година по основ на неживотно осигурување

## 06 - СРЕДСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДОМУВАЊЕТО

- 060 - Станови и станбени згради
- 061 - Прибавување на станови и станбени згради
- 062 - Побарувања по основ на продажба на станови
- 063 - Кредити за станбена изградба
- 064 - Вложени парични средства за потребите на домувањето
- 065 - Други побарувања и пласмани по основ на заедничка потрошувачка за потребите на домувањето
- 068 - Ревалоризација на становите и станбените згради во текот на пресметковниот период
- 069 - Исправка на вредноста на становите и станбените згради

## 07 - СРЕДСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ДРУГИ ПОТРЕБИ

- 070 - Објекти за други потреби
- 071 - Опрема за други потреби
- 072 - Прибавување на средства за други потреби

074 - Вложени парични средства за други потреби
075 - Други побарувања по основ на заедничка потрошувачка за други потреби
078 - Ревалоризација на средствата за други потреби во пресметковниот период
079 - Исправка на вредноста на средствата за други потреби

### 08 - ДРУГИ СРЕДСТВА

080 - Средства за потребите на одбраната
081 - Средства за солидарност
082 - Средства за други намени
083 - Побарувања по задолжителни долгорочни вложувања
088 - Ревалоризација на другите средства во текот на пресметковниот период
089 - Исправка на вредноста на другите средства

## КЛАСА 1: КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА, ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ

### 10 - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

100 - Жиро-сметка на средствата за осигурување на живот
101 - Жиро-сметка на средствата за неживотно осигурување
102 - Благајна
103 - Издвоени парични средства и акредитиви
104 - Девизни сметки
105 - Девизни акредитиви
106 - Девизна благајна
107 - Други парични средства

### 11 - ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

110 - Чекови
111 - Меници
112 - Благајнички записи
113 - Комерцијални записи
117 - Други хартии од вредност
119 - Исправка на вредноста на хартиите од вредност

### 12 - ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИИ И УЧЕСТВО ВО НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ И КУПУВАЧИ

120 - Побарувања по основ на премија за осигурување
121 - Побарувања по основ на премија за соосигурување
122 - Побарувања по основ на премија за реосигурување

123 - Побарувања по основ на премија за осигурување, соосигурување и реосигурување од странство
124 - Купувачи
125 - Побарувања по основ на учество во надомест на штети во земјата
126 - Побарувања по основ на учество во надомест на штети во странство
128 - Други побарувања по основ на премија за осигурување, соосигурување и реосигурување
129 - Исправка на вредноста на побарувањата по основ на премиите и учество во надомест на штети и побарувања од купувачите

13 - ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

130 - Дадени аванси по основ на штети
131 - Дадени други аванси
132 - Дадени депозити и кауции
139 - Исправка на вредноста на авансите, депозитите и кауциите

14 - ПОБАРУВАЊА ОД ЗАЕДНИЧКО РАБОТЕЊЕ И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОБАРУВАЊА

140 - Побарувања од поврзани субјекти
141 - Побарувања од заедничко работење
142 - Побарувања по основ на право на регрес
143 - Побарувања по основ на штети предизвикани од неосигурани и непознати моторни возила
144 - Побарувања по основ на приходи од финансирање
145 - Побарувања по основ на услужно исплатени штети
147 - Други побарувања од работењето
149 - Исправка на вредноста на побарувањата од заедничко работење и други специфични побарувања

15 - КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

150 - Вложувања во поврзани субјекти
151 - Вложувања во банки
152 - Вложени средства
153 - Кредити дадени во земјата
154 - Кредити дадени во странство
157 - Други краткорочни финансиски вложувања
159 - Исправка на вредноста на краткорочните финансиски вложувања

16 - ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

160 - Побарувања од државни и други институции
161 - Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси
162 - Побарувања за повеќе исплатени плати
163 - Други побарувања од работници
167 - Разни краткорочни побарувања
169 - Исправка на вредноста на другите краткорочни побарувања

18 - ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ИНТЕРНИ ОДНОСИ

181 - Побарувања по основ на интерни односи

19 - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

190 - Однапред платени трошоци
191 - Трошоци што се разграничуваат на повеќе години
192 - Пресметани приходи што не можеле да бидат фактурирани
194 - Платени зависни трошоци за набавка
197 - Други активни временски разграничувања

## КЛАСА 2: КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ

20 - ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ШТЕТИ И ДОГОВОРЕНИ ИЗНОСИ ПО ОСНОВ НА ОСИГУРУВАЊЕ

200 - Обврски по основ на штети и договорени износи по основ на осигурување во земјата
201 - Обврски по основ на штети и договорени износи по основ на осигурување во странство
202 - Обврски по основ на учество во штети и договорени износи по основ на реосигурување во земјата
203 - Обврски по основ на учество во штети и договорени износи по основ на соосигурување во земјата
204 - Обврски по основ на учество во штети и договорени износи по основ на реосигурување во странство
205 - Обврски по основ на учество во штети и договорени износи по основ на соосигурување во странство

21 - ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

210 - Обврски за издадени чекови
211 - Обврски за издадени меници
213 - Обврски за издадени комерцијални записи
217 - Обврски за издадени обврзници и други хартии од вредност

## 22 - ОБВРСКИ ЗА ПРЕМИЈА И ДОБАВУВАЧИ

220 - Обврски за премија по реосигурување во земјата
221 - Обврски за премија по соосигурување во земјата
222 - Обврски за премија по реосигурување во странство
223 - Обврски за премија по соосигурување во странство
224 - Добавувачи во земјата
225 - Добавувачи во странство
226 - Добавувачи за нефактурирани стоки, материјали и услуги

## 23 - ПРИМЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ

230 - Примени аванси по основ на штети од реосигурување по основ на неживотно осигурување
231 - Примени други аванси
232 - Примени краткорочни депозити и кауции

## 24 - КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ОД ЗАЕДНИЧКО РАБОТЕЊЕ И ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ОБВРСКИ

240 - Обврски спрема поврзани субјекти
241 - Обврски од заедничко работење
242 - Обврски по регресни побарувања и услужни штети
243 - Обврски по основ на расходи на финансирање по осигурување на живот
244 - Обврски по основ на расходи на финансирање по основ на неживотно осигурување
247 - Други краткорочни обврски од работењето

## 25 - КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

250 - Обврски спрема поврзани субјекти
251 - Обврски за здружени и вложени средства
252 - Кредити од банки во земјата
253 - Други кредити во земјата
254 - Кредити од странство
257 - Други краткорочни финансиски обврски

## 26 - ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

260 - Обврски за данок на промет
261 - Обврски за даноци, придонеси и други давачки
262 - Обврски за даноци и придонеси од резултатот
263 - Обврски по основ на учество во резултатот
264 - Нераспоредена добивка во тековната година

265 - Обврски спрема работниците
267 - Обврски за противпожарен придонес
268 - Разни краткорочни обврски

27 - ПРЕСМЕТКА И ОБВРСКИ ЗА ПЛАТИ

270 - Обврски за плати и надоместоци за плати
271 - Нето плати
272 - Надоместоци на нето плати
273 - Даноци од плати
274 - Придонеси од плати

28 - ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ИНТЕРНИ ОДНОСИ

281 - Обврски по основ на интерни односи

29 - ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

290 - Резервирани настанати пријавени и непријавени штети по основ на осигурување на живот
291 - Резервирани настанати пријавени и непријавени штети по основ на неживотно осигурување
292 - Преносна премија по основ на осигурување на живот
293 - Преносна премија по основ на неживотно осигурување
294 - Пресметани трошоци
295 - Однапред наплатени (пресметани) приходи
296 - Пресметани зависни трошоци на набавка
297 - Други пасивни временски разграничувања

КЛАСА 3: МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

30 - ПРЕСМЕТКА НА НАБАВКА

300 - Вредност по пресметка на добавувачот
301 - Зависни трошоци
302 - Царина и други увозни давачки
303 - Данок на промет и други давачки
309 - Пресметка на набавка

31 - МАТЕРИЈАЛИ

310 - Материјали во склад
316 - Материјали во доработка, обработка и манипулација
317 - Исправка (намалување) на вредноста на залихите на материјали
319 - Отстапување од цената на материјалите

### 32 - РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

320 - Резервни делови во склад
327 - Исправка (намалување) на вредноста на резервните делови
329 - Отстапување од цените на резервните делови

### 35 - СИТЕН ИНВЕНТАР

350 - Ситен инвентар во склад
351 - Ситен инвентар во употреба
357 - Исправка (намалување) на вредноста на ситниот инвентар
359 - Отстапување од цените на ситниот инвентар

## КЛАСА 4: ТРОШОЦИ

### 40 - НАДОМЕСТОЦИ И УЧЕСТВО ВО ШТЕТИ ПО ОСНОВ НА СООСИГУРУВАЊЕ

400 - Противпожарен придонес
402 - Надоместоци за штети и договорени износи по основ на осигурување на живот во земјата
403 - Надоместоци за штети и договорени износи по основ на неживотно осигурување во земјата
404 - Надоместоци за штети и договорени износи по основ на осигурување на живот во странство
405 - Надоместоци за штети и договорени износи по основ на неживотно осигурување во странство
406 - Учество во штети по основ на соосигурување на живот во земјата
407 - Учество во штети по основ на соосигурување по неживотно осигурување во земјата
408 - Учество во штети по основ на соосигурување по неживотно осигурување во странство

### 41 - ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, РЕОСИГУРУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА РЕОСИГУРУВАЧИТЕ ВО ШТЕТИТЕ

410 - Премија за соосигурување по основ на живот
411 - Премија за соосигурување по основ на неживотно осигурување во земјата
412 - Премија за соосигурување по основ на неживотно осигурување во странство
413 - Премија за реосигурување по основ на живот
414 - Премија за реосигурување по основ на неживотно осигурување во земјата

415 - Премија за реосигурување по основ на неживотно осигурување во странство
416 - Учество во штети по основ на реосигурување на живот во земјата
417 - Учество во штети по основ на реосигурување по неживотно осигурување во земјата
418 - Учество во штети по основ на реосигурување по неживотно осигурување во странство

## 42 - ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ

420 - Издвојувања од премија за математичка резерва по основ на осигурување на живот
421 - Резерви за настанати пријавени и непријавени штети по основ на осигурување на живот
422 - Резерви за настанати пријавени и непријавени штети по неживотно осигурување
428 - Резерви за инвестиционо одржување на основните средства
429 - Други резерви

## 43 - МАТЕРИЈАЛНИ И ДРУГИ ТРОШОЦИ

430 - Потрошени материјали
431 - Потрошена енергија
432 - Потрошени резервни делови
433 - Отпис на ситниот инвентар
434 - Транспортни услуги
435 - Услуги за одржување
436 - Закупнина
437 - Трошоци за пропаганда и реклама
439 - Други услуги

## 44 - АМОРТИЗАЦИЈА

440 - Амортизација по минимални стапки
441 - Амортизација над минимални стапки
448 - Ревалоризација на амортизација

## 45 - НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

450 - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните
451 - Непроизводни услуги
452 - Репрезентација
453 - Премија за осигурување
454 - Други лични примања
455 - Даноци кои не зависат од резултатот

456 - Придонеси кои не зависат од резултатот
457 - Банкарски услуги и членарини на Здруженија
458 - Вкалкулирани долгорочни резерви на нематеријални трошоци
459 - Други нематеријални трошоци

47 - ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

470 - Вкалкулирани плати
471 - Вкалкулирани надоместоци на плати

49 - РАСПОРЕД НА ТРОШОЦИТЕ

490 - Распоред на трошоците по основ на осигурување на живот
491 - Распоред на трошоците по основ на неживотно осигурување

КЛАСА 5: СЛОБОДНА

КЛАСА 6: СЛОБОДНА

КЛАСА 7: РАСХОДИ И ПРИХОДИ

70 - ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА ОСИГУРУВАЊЕ И НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ

700 - Трошоци по основ на осигурување на живот
701 - Трошоци по основ на неживотно осигурување
702 - Набавна вредност на продадениот материјал, резервни делови и ситен материјал
703 - Трошоци на продадени стоки, материјали и ситен инвентар

71 - РАСХОДИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

710 - Расходи на финансирање од односи со поврзани субјекти
711 - Камати по основ на осигурување на живот
712 - Камати по основ на неживотно осигурување
713 - Негативни курсни разлики
714 - Намалување на вредноста на долгорочните финансиски вложувања
715 - Расходи по основ на ревалоризација на обврските по осигурување на живот
716 - Расходи по основ на ревалоризација на обврските по неживотно осигурување

717 - Расходи по основ на ревалоризација на обврските по други основи
719 - Други расходи на финансирање

72 - ВОНРЕДНИ РАСХОДИ

720 - Неотпишана вредност и други трошоци на отуѓен и расходуван постојан имот
721 - Намалување на вредноста на постојаниот имот
722 - Отпис и исправка на вредноста на залихите
723 - Кусоци
724 - Други вонредни расходи - материјални
725 - Казни, пенали и надоместоци за штети
726 - Отпис и исправка на вредноста на ненаплатените побарувања по основ на осигурување на живот
727 - Отпис и исправка на вредноста на ненаплатените побарувања по основ на неживотно осигурување
728 - Дополнително утврдени расходи од поранешни години
729 - Други вонредни расходи - нематеријални

73 - КАПИТАЛНА ЗАГУБА

730 - Капитална загуба

74 - ПРИХОДИ ОД ПРЕМИИ ПО ОСНОВ НА ОСИГУРУВАЊЕ, ДРУГИ ДЕЛОВНИ ПРИХОДИ И НАМАЛУВАЊЕ НА РЕЗЕРВИТЕ

740 - Приходи од премија по основ на осигурување од поврзани субјекти
741 - Приходи од премија по основ на осигурување во земјата
742 - Приходи од премија по основ на осигурување во странство
743 - Приходи од провизија по основ на договори за реосигурување
744 - Приходи од продажба на материјали
745 - Приходи од регреси
747 - Приходи од намалување на резервите за настанати пријавени и непријавени штети
748 - Приходи од закупнина
749 - Други приходи и укинувања на резервите

75 - ПРИХОДИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ

750 - Приходи од премија по основ на соосигурување во земјата

751 - Приходи од премија по основ на соосигурување во странство
752 - Приходи од премија по основ на реосигурување во земјата
753 - Приходи од премија по основ на реосигурување во странство
754 - Приходи по основ на учество во надоместоци за штети од работи на соосигурување во земјата
755 - Приходи по основ на учество во надоместоци за штети од работи на соосигурување во странство
756 - Приходи по основ на учество во надоместоци за штети од реосигурување во земјата
757 - Приходи по основ на учество во надоместоци за штети од реосигурување во странство
758 - Приходи по основ на придонес од членовите
759 - Приходи од посредување и застапување во осигурување

76 - ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

760 - Приходи од финансирање од односите со поврзани субјекти
761 - Приходи од камати по основ на осигурување на живот
762 - Приходи од камати по основ на неживотно осигурување
763 - Позитивни курсни разлики
764 - Други приходи од финансирање
767 - Приходи по основ на ревалоризација на побарувањата

77 - ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ

770 - Приходи од продажба на постојан имот
771 - Отпис на обврски
772 - Вишоци
773 - Приходи од наплатени отпишани побарувања
774 - Приходи од поранешни години
775 - Приходи од наплатени пенали, награди и слично
779 - Други вонредни приходи

78 - КАПИТАЛНА ДОБИВКА

780 - Капитална добивка

79 - РАЗЛИКА НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

790 - Разлика на приходите и расходите по основ на осигурување на живот
791 - Разлика на приходите и расходите по основ на неживотно осигурување

## КЛАСА 8: РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

### 80 - ОСТВАРЕНА ДОБИВКА - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

800 - Остварена добивка пред оданочување по основ на осигурување на живот
801 - Остварена добивка пред оданочување по основ на неживотно осигурување

### 81 - РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

810 - Даноци од добивка по основ на осигурување на живот
811 - Даноци од добивка по основ на неживотно осигурување
812 - Придонеси од добивка по основ на осигурување на живот
813 - Придонеси од добивка по основ на неживотно осигурување

### 82 - НЕТО ДОБИВКА - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ

820 - Нето добивка - добивка по оданочување по основ на осигурување на живот
821 - Нето добивка - добивка по оданочување по основ на неживотно осигурување

### 83 - РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ДОБИВКА ПО ОСНОВ НА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

830 - Покривање на загубата од претходните години
831 - Математичка резерва
832 - Зголемување на трајниот капитал (деловен фонд)
833 - Зголемување на трајните вложувања
834 - Дивиденда и други надоместоци на вложувачите
835 - Резерва на сигурност
836 - Фонд на превентива и резерви за масовни и катастрофални штети
837 - Плати од добивка
838 - Други намени (заедничка потрошувачка и други потреби)
839 - Нераспределена добивка

### 84 - РАСПОРЕДУВАЊЕ НА НЕТО ДОБИВКА ПО ОСНОВ НА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ

840 - Покривање на загубата од претходните години
842 - Зголемување на трајниот капитал (деловен фонд)
843 - Зголемување на трајните вложувања

844 - Дивиденда и други надоместоци на вложувачите
845 - Резерва на сигурност
846 - Фонд на превентива и резерви за масовни и катастрофални штети
847 - Плати од добивка
848 - Други намени (заедничка потрошувачка и други потреби)
849 - Нераспределена добивка

89 - ЗАГУБА И ПРЕНОС НА ЗАГУБАТА

890 - Загуба во тековната година по основ на осигурување на живот
891 - Загуба во тековната година по основ на неживотно осигурување
898 - Пренос на загубата по основ на осигурување на живот
899 - Пренос на загубата по основ на неживотно осигурување

## КЛАСА 9: КАПИТАЛ, ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ, ОБВРСКИ СПРЕМА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА И ВОНБИЛАНСНИ СМЕТКИ

90 - ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ

900 - Почетен општествен капитал (деловен фонд)
901 - Општествен капитал од резултатот (деловен фонд од распределба на резултатот)
907 - Друг општествен капитал

91 - АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ, ТРАЈНИ ВЛОГОВИ И КАПИТАЛ НА ИНОКОСНИОТ СОПСТВЕНИК

910 - Акционерска главница - почетен Фонд на сигурност по основ на осигурување на живот
911 - Акционерска главница - почетен Фонд на сигурност по основ на неживотно осигурување
912 - Зголемување на вредноста на акциите на Фондот на сигурност по основ на осигурување на живот
913 - Зголемување на вредноста на акциите на Фондот на сигурност по основ на неживотно осигурување
914 - Трајни влогови на домашни лица во Фондот на сигурност по основ на осигурување на живот
915 - Трајни влогови на странски лица во Фондот на сигурност по основ на осигурување на живот
916 - Трајни влогови на домашни лица по основ на неживотно осигурување
917 - Трајни влогови на странски лица по основ на неживотно осигурување

918 - Капитал на инокосниот сопственик (индивидуален капитал)

## 92 - НЕНОМИРАН КАПИТАЛ (РЕЗЕРВИ)

920 - Резерва на сигурност по основ на осигурување на живот
921 - Резерва на сигурност по основ на неживотно осигурување
922 - Математичка резерва по основ на осигурување на живот
923 - Ревалоризациона резерва
924 - Нераспоредена добивка од поранешните години по основ на осигурување на живот
925 - Нераспоредена добивка од поранешните години по основ на неживотно осигурување

## 93 - ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИ

930 - Резерви за масовни и катастрофални штети по основ на осигурување на живот
931 - Резерви за масовни и катастрофални штети по основ на неживотно осигурување
932 - Резерви за инвестиционо одржување на основни средства
933 - Резерви за покривање на дубиозните побарувања
939 - Други долгорочни резерви

## 94 - ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

940 - Обврски спрема поврзани субјекти
941 - Орочени вложувања на домашни лица
942 - Орочени вложувања на странски лица
943 - Кредити од банки во земјата
944 - Други кредити во земјата
945 - Кредити од странство
946 - Продадени обврзници
947 - Обврски за примени депозити и кауции
948 - Други долгорочни обврски

## 95 - ФОНД НА ПРЕВЕНТИВА

950 - Фонд на превентива по основ на осигурување на живот
951 - Фонд на превентива по основ на неживотно осигурување

## 96 - ИЗВОРИ НА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДОМУВАЊЕТО

960 - Фонд за потребите на домувањето
961 - Обврски за здружени средства за потребите на домувањето

962 - Обврски по кредити за потребите на домувањето
967 - Други обврски за потребите на домувањето

## 97 - ИЗВОРИ НА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА ЗА ДРУГИ ПОТРЕБИ

970 - Фонд за други потреби на заедничка потрошувачка
971 - Обврски за здружени средства за други потреби на заедничка потрошувачка
972 - Обврски по кредити за други потреби на заедничка потрошувачка
977 - Други обврски за други потреби на заедничка потрошувачка

## 98 - ИЗВОРИ НА ДРУГИ СРЕДСТВА

980 - Извори на средства за потребите на одбраната
981 - Извори на средства за солидарност
983 - Извори на задолжителни долгорочни вложувања
987 - Извори на средства за други намени

## 99 - ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

990 - 995 - Активни сметки
996 - 999 - Пасивни сметки

**О б р а з л о ж е н и е**

Со новата Уредба за сметковниот план за друштвата за осигурување се врши усогласување на сметковниот план за друштвата за осигурување со сметковниот план за трговските друштва и со одредбите на Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 27/2002).

Со овие измени се менува третманот на резервирањата за масовни и катастрофални штети, со што истите добиваат карактер на резерви на друштвото и се издвојуваат од добивката на друштвото, односно не се книжат како расход во деловната година.

Истовремено, и издвојувањето на средства во Фондот за превентива се врши од добивката на друштвото а не од премијата како досега, со што се отстранува досегашната законска недоследност на двојно прикажување на овие средства како расход на друштвото и како резерва на друштвото.